АДВОКАТ
Стојков А. Никола
ул. Скопска бр. 6
97000 Битола

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ
Социјалистичка Република Македонија
ОПШТИНСКИ ОДБОР
Бр. ..................
.................. 196.... год.
РЕСЕН

ДО
ОСНОВНИОТ СУД
СКОПЈЕ I
С К О П Ј Е

ДОВЕРИТЕЛ: Општински одбор на сојузот на борците од НОВ- Ресен

ДОЛЖНИК : Тодор Симовски
Ул" Руса плавева" бр.6
Скопје

Основ :присилно извршување

Вредност :36.312,оо ден.

## ПРЕДЛОГ ЗА ПРИСИЛНО ИЗВРШУВАЊЕ

СО судско порамнување П.бр.278/95 од 12.12.95г. на Општинскиот суд Ресен сега должникот се обврза да го исполни договорот од 28.5.1990година и изработи Моноглафија за животот и револу? ционерното дело на Наум Веслиевски-Овчарот и тоа првиот дел заклучно со 31.3.1996г,.а комплетната Монографија да ја изработи и предаде на сега доверителот закчлучно со 30.6.1996годинса.Исто такја заклуно со овој рок должникот се обврза на доверителот да ја предде -поврати пискената документацијана земени матевријали по регистарот под бр 03-55 од 17.5.90година како и материјалите кои дополнително ги подигнал од лицето Крсте Митреески од с.Јанковец.

Со порамнувањето исто така е предвидено идоколку должникот не ги спази горенаведените рокови,договопрот бр.0859/1 од 28.5. 1990година да се смета за раскинат,а должникот да ги врати примените средства со законска затезна камата.

Доказ: Судското порамнување П.бр.278/95 Од 12.12.95г на Општинскиот суд РЕСЕН?РЕГИСТАРОТ НА подигнати материјали и документација за извршената исплата

Бидејки должникот не постапи по судското порамнување во договрениот рок,се предлага донесување на

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ДОЗВОЛУВА присилно извршување на Судското порамнување П.бр.278/95 од 12.12.1995година на општинскиот суд Ресен

СЕ НАЛОЖУВА на должникот веднаш на доверителот да ги поврати сите земени матевријали за изработка на Монографијата за живототр и делотот на Наум Веслиевски-Овчарот,согласно регистарот на материјали бр.03-55 од 17.5.1990година и матевријалите подоигнати од лицето Крста Митрески од с,Јанковец Ресенско.

ПО пат на пленидба на пари,попис ,пленидба и продакба на подвижни предмети кои ќе се затекмаат кај должникот ,од должникот да се зеамт и преведат на доверителот следниве износи:

-износ од 15.312,20 со камата од 10.7.90г. до исплатат,
-износ од 3.000,оо ден со камата од 22.11.90 до сиплата

./.

-износ од 3.000,оо денар9 со законска затезнакамата сметано од 19.12. 1991г. до силатата и

-износ од 15.000,оо денари со закосна затезна камата сметано од 10Ѕ. 2.1992г до исплатата,

како и да ги надомести трошоците во постапката по ова навршување и истите се преведат на сметка на доверителот :40300-678-406 Општински одбор на сојуз на борците од НОВ која се води при ЗПП Ресен.

Трошковник: -соатав на предлог чл.8 ад,.тар.... 1.650
-ПТТ трошоци ифотокопија 100
-такси и други трошоци по одлука на судот.........

Битола,20.8.96г.

Доверител,

П.бр.278/95 год.

# З А П И С Н И К

Од 12.12.1995 год.

ЗА УСНАТА ЈАВНА РАСПРАВА

Одржана пред Општински суд во град Ресен

Од судот присутни: Тужител: ОО на Сојузот на Борците-

Судија: Билјана Јоновска од: Ресен

Тужен: Тодор Симовски

од: Скопје

Записничар: Мирјана Шукулоска Предмет: Раскин на договор и повраќај на средства и материјали

Вредност: 36.312,оо де.

По објавувањето предметот на спорот во 10,05 часот пристапија:

1. За тужителот: лично застапникот Ѓорѓи Прцуловски

2. За тужениот: лично

Пред почетокот на расправата странките изјавија дека во меѓувреме го расчистиле спорното прашање по тужбата, заради што согласно предложија судот да им го внесе во записник следното:

## СУДСКО ПОРАМНУВАЊЕ

СЕ ОБВРЗУВА тужениот Тодор Симовски од Скопје, ул. "Руса Плавева" бр.6, Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски - Овчарот, го изработи и тоа: Првиот дел заклучно со 31.03.1996 год. а комплетна Монографијата да ја изработи и предаде на тужителот Општински Одбор на Сојузот на Борците на Македонија - Ресен, заклучно со 30.06.1996 година.

Исто така тужениот Тодор Симовски СЕ ОБВРЗУВА на тужителот да му ги поврати сите земени материјали за изработка на монографијата согласно регистерот под бр.03-55 од 17.05.1990 година. Исто така тужениот Тодор СЕ ОБВРЗУВА да заклучно со 30.06.1996 год. ги предаде и материјалите кои дополнително му се дадени од страна на лицето Крсте Митревски од с. Јанковец, предадени согласно записник во писмена форма.

СЕ ОБВРЗУВА тужениот Тодор дека Монографијата ќе ја изработи квалитетно согласно расположивиот материјал што му е даден од страна на тужителот за изработка.

Доколку од страна на тужениот Монографијата не биде изработена во определените рокови како погоре, издавачкиот договор под бр. 0859/1 од 28.05.1990 год. заклучен помеѓу тужителот од една страна и тужениот од друга страна се раскинува.

Тужениот Тодор СЕ ОБВРЗУВА на тужителот да ги поврати и сите парични средства, што му се дадени од страна на тужителот за изготвувањето на Монографијата и тоа валоризирани и со процесна законска камата.

Со ова во целост се слага застапникот на тужителот.

На ваков начин странките дефинитивно го расчистиле спорното прашање по тужбата така што еден према друг нема што повеќе да побаруваат.

./.

2.-

Записникот од судското порамнување прочитан им е на странките од збор до збор, го признаваат за свој и со сила на извршен наслов го потпишуваат.

По еден примерок во препис од записникот дак им ее достави на странките.

Таксата за судското порамнување во износ од 750,оо ден. да ја платат странките по половина за што се опоменети.

Завршено во 10,35 часот

Тодор Симовски,с.р.

Ѓорѓи Прцуловски,с.р.

Записничар,
Мирјана Шукулоска,с.р.

С у д и ј а,
Билјана Јоновска,с.р.

ОПШТИНСКИ СУД РЕСЕН

Верно со оригиналот
Судски службеник

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ РЕСЕН
Бр. 08-52/96
10.01.1997 г.
Ресен

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД
СКОПЈЕ I

С К О П Ј Е

Почитуван господин Претседател,
На 22.08.1996 година, до Основниот суд - Скопје I во Скопје упативме наш акт со следната содржина:
"Во прилог на актов Ви доставуваме: ПРЕДЛОГ ЗА ПРИСИЛНО ИЗВРШУВАЊЕ со комплетната документација во спорот настанат меѓу Општинскиот одбор на СБ НОАВМ -Ресен од една страна како доверител и Тодор Симовски од Скопје од друга страна како должник, а во врска со изработката на Монографијата за животот и революционерното дело на Наум Веслиевски-Овчарот (во три примероци).

Покрај наведените материјали во Предлогот за присилно извршување ( и прилогот на доказите) укажуваме дека на Авторот-Должникот Симовски, од страна на Доверителот, во текот на месец август оваа година му беше врачен и примерок ( дешифрован препис) од Дневникот на Овчарот, кој исто така треба да ни биде вратен како и сите други материјали со кои се користеше за изработката на Монографијата.

Горното се доставува на Ваша надлежност."

Иако од доставувањето на Предлогот за присилно извршување до денес изминаа скоро 5 ( пет ) месеци, а сеуште по истото не е постапено, се обраќаме до насловот со цел да се преземат мерки од Вашата надлежност.

Ова покрај другото ургираме да се оконча, како би Општинскиот одбор на СБ Ресен ѝ можел непречено да ги интензивира преземените мерки и активности со ангажирање на друг автор кој ќе ја изготви Монографијата што е предмет на спорот.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ-РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ РЕСЕН
Бр. 08-52/96
10.01.1997 г.
Ресен

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ОСНОВНИОТ СУД
СКОПЈЕ I
С К О П Ј Е

Почитуван господин Претседател,
На 22.08.1996 година, до Основниот суд - Скопје I во Скопје упативме наш акт со следната содржина:
"Во прилог на актов Ви доставуваме: ПРЕДЛОГ ЗА ПРИСИЛНО ИЗВРШУВАЊЕ со комплетната документација во спорот настанат меѓу Општинскиот одбор на СБ НОАВМ -Ресен од една страна како доверител и Тодор Симовски од Скопје од друга страна како должник, а во врска со изработката на Монографијата за животот и револуционерното дело на Наум Веслиевски-Овчарот (во три примероци).

Покрај наведените материјали во Предлогот за присилно извршување ( и прилогот на доказите) укажуваме дека на Авторот-Должникот Симовски, од страна на Доверителот, во текот на месец август оваа година му беше врачен и примерок ( дешифрован препис) од Дневникот на Овчарот, кој исто така треба да ни биде вратен како и сите други материјали со кои се користеше за изработката на Монографијата.

Горното се доставува на Ваша надлежност."

Иако од доставувањето на Предлогот за присилно извршување до денес изминаа скоро 5 ( пет ) месеци, а ссуште по истото не е постапено, се обраќаме до насловот со цел да се преземат мерки од Вашата надлежност.

Ова покрај другото ургираме да се оконча, како би Општинскиот одбор на СБ Ресен ѝ можел непречено да ги интензивира превемените мерки и активности со ангажирање на друг автор кој ќе ја изготви Монографијата што е предмет на спорот.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СБ НОАВМ-РЕСЕН
Претседател,
Ѓорги Прцуловски